Бр./Nr. 12-997/13
04-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница одржана на ден 30.10.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Постапката по предмет број 12-997/1 од 03.03.2026 година оформен по пријава со наводи за сомневање за неправилности и незаконитости во ООУ „----------“ во ---------- извршени од страна на директорот, ----------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што постапиле други надлежни органи кои за утврдените неправилности при своето надлежно постапување презеле дејствија во рамките на своите надлежности и изрекле соодветни инспекциски мерки, а од страна на предметното основно училиште биле преземени дејствија за отстанување на неправилностите утврдени од инспекциските органи.

Предметот со број 12-997/1 од 03.03.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Во ДКСК оформен е предмет со бр.12-997/1 од 03.03.2026 година по пријава со наводи за сомневање за неправилности и незаконитости во ООУ „----------“ во ---------- извршени од страна на директорот, ----------.
Во пријавата се изнесени неколку наводи и тоа за: неправилности и незаконитости во постапка за вработување на лица на работни места секретар, бравар и чувар на училиштето; мобинг врз вработените и злоупотреба на функцијата; нетранспарентност на квалификации и конкурси при вработувањето на секретар во училиштето;

Фалсификувани документи и решенија со кои биле фалсификувани работни часови без исполнување на услови за прекувремена работа.
Кон пријавата е приклучено писмено број 12-997/2 од 18.03.2026 година поради наводи за неправилности во работењето на предметното училиште под раководство на именуваното лице, директор на истото.' Од причина што во ова писмено наводите се однесуваат на незаконитости во постапка за јавна набавка за вршење превоз на ученици на училиштето, ДКСК на 03.04.2026 година заклучи по овие наводи да се оформи нов предемет кој е заведен под број 12-1907/1 од 05.05.2026 година и кој е споен со предмет број 12-1668/1 од 18.03.2026 година заради постапување на ДКСК во единствена постапка по предмети со исти наводи. За предметот ДКСК има постапено и одлучено на својата 38-ма седница одржана на 31.08.2026 година и има донесено Одлука број 12-1668/5 од 01.09.2026 година со која постапката по предметот се запира поради тоа што не се потврдени пријавените наводи.

Во насока на проверка на пријавените наводи и утврдување на фактичката состојба во предметниот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци до ООУ „----------" во ---------- и Државниот управен инспекторат.

На 17.04.2026 година, училиштето извести дека во Актот за систематизација на работни места на училиштето не било предвидено работно место бравар и во училиштето немало вработено лице со тој профил.
Училиштето спровело постапка за вработување на два извршители за работното место чувар, кои работни места биле предвидени согласно со Актот за систематизација на работни места, а на кои работни места биле вработени на неопределнео време лицата ---------- од датум 03.02.2021 година и лицето ---------- од 12.12.2022 година. Горенаведените кандидати биле избрани согласно со член 113 став 1 точка 9 од Законот за основно образование согласно кој за технички персонал надлежност за донесување на одлука за избор и склучување на договор за вработување имал Директорот на ова училиште.

На ден 27.04.2026 година, Државниот управен инспекторат извести дека: На ден 20.04.2026 година бил извршен вонреден инспекциски надзор во ООУ „----------" во Општина ---------- по однос на вработувањето на лицето ---------- и од извршениот увид во списите инспекторот констатирал дека ова лице било ангажирано на работно место Секретар со Договор за вработување со арх.бр.-------/-- од 21.02.2025 година и истото немало статус на административен службеник согласно Законот за административни службеници. Поради наведеното, согласно член 62 став 4 од Законот за инспекциски надзор предметот го доставиле на надлежно постапување до Државниот инспекторат за труд. По однос на наводите за фалсификување на решение за работни часови од

директорката, Државниот управен инспекторат се произнесува дека нема надлежност да постапува.

На ден 04.06.2026 година, Државниот инспекторат за труд извршил вонреден инспекциски надзор кај работодавачот ООУ „----------“ ---------- и составил Записник бр.Ип.бр.--------- од 04.06.2026 година, каде е утврдена следната фактичка состојба: Од страна на директорот на училиштето било доставено барање заверено под број --------/1 од 13.02.2025 година до Општина ---------- за издавање на согласност за вработување на итни и неодложни работи - старо финансирање за учебната 2024/25 година за работно место - секретар. Од страна на градоначалникот на Општина ---------- била издадена согласност за вработување за итни и неодложни работи – старо финансирање заверена под бр.---------/2 од 18.02.2025 година, за вработување на едно лице - секретар. Директорот на училиштето доставил барање до Агенција за вработување на РСМ-Дебар, за посредување при вработување, заверено под бр.--------/3 од 13.02.2025 година со кое барал работник за работно место секретар со високо образование дипломиран со Економски или Правни науки, со познавање на турскиот и македонскиот јазик и со најмалку 3 години работно искуство. Агенцијата за вработување го известила училиштето со Известување заверено под бр.------/10,11,12 од 18.02.2025 година дека во евиденцијата на невработени која ја води Агенцијата, нема невработено лице со бараното занимање. Директорот на училиштето донел Одлука бр.---------/6 од 21.02.2025 година со која се заснова работен однос на определено време со лицето ---------- на работно место секретар сметано од 24.02.2025 година и склучиле договор за вработување на определно време заверен под број ---------/4 од 21.02.2025 година.

Директорот на училиштето повторно доставил барање заверено под број ----------/1 од 20.04.2026 година до Општина ---------- за издавање на согласност за вработување за итни и неодложни работи - старо финансирање за учебната 2025/26 година за работно место Секретар. Од страна на Градоначалникот на Општина ---------- е издадена согласност за времено вработување на едно лице – Секретар поради итни и неодложни работи заверена под бр.----------/2 од 21.04.2026 година. Директорот на училиштето доставил барање до Агенција за вработување на РСМ - --------- за посредување при вработување, заверено под бр.--------/3 од 20.04.2026 година со кое побарал работник за работно место секретар со ВСС дипломиран по економски и правни науки, да го познава турскиот и македонскиот јазик и да има најмалку 3 години работно искуство. Агенцијата за вработување на РСМ – -------- го известил училиштето преку Известување заверено под бр.--------/---- од 21.04.2026 година дека во Евиденцијата на невработени што го води Агенцијата, нема невработени лица со бараното занимање. Директорот на училиштето донел Одлука бр.--------/6 од 21.04.2026 година со која заснова работен однос на определено време со лицето ---------- на работно место секретар сметано од 22.04.2026 година. Директорот на училиштето и лицето ---------- склучиле Договор за вработување на

определно време заверен под бр.----------/8 од 22.04.2026 година. Работодавачот ООУ ---------- претставуван од директорот ---------- и работникот ---------- склучиле договор за вработување на определено време од 20.02.2025 година до објавување на оглас за секретар, односно до 23.07.2026 година.

Од извршениот увид во презентираните акти и списи, Државниот инспектор за труд констатирал дека работодавачот ООУ ---------- ----------, засновал работен однос со работникот ---------- за работното место секретар без објавување на јавен оглас за итни и неодложни работи на определно време со издадена Согласност од Градоначалникот на Општина ----------.

Согласно член 22 став 1 од Законот за работни односи предвиден е начинот за обезбедување на потребата од работници и тоа: 1) огласување на јавен оглас во дневниот печат или во други средства за јавно информирање печатени или електронски на тровар на работодавачот 2) објавување во службата надлежна за посредување при вработување, без наплата, во согласност со закон 3) посредување на службата надлежна за посредување при вработување преку упатување на лица за вработување од евиденцијата на невработените лица 4) агенција за посредување при вработување со наплата од работодавачот, во согласност со закон, со претходно внесување на јавниот оглас во елетронскиот систем на Агенцијата за вработување на РСМ. 5) По исклучок, работодавачот од ставот 3 на овој член, за итни и неодложни работи, работен однос може да заснова и без јавно огласување, но најмногу до 30 дена, со посредување на службата надлежна за посредување при вработување.

Имјаќи го предвид наведеното ДИТ констатирал дека работодавачот постапил спротивно на член 22 став 1 и 5 од Законот за работни односи, поради тоа што засновал работен однос повеќе од 30 дена со работникот.

Согласно член 85 став 5 од Законот за основно образование, работодавачот може да заснова работен однос со работници и без објавување на јавен оглас на постојни работни места испразнети по основ на пензионирање, боледување, смрт, преземање и други, а за кои работни места биле обезбедени финансиски средства, на определено време, но најмногу до три месеца, со согласност од Градоначалникот за општинските основни училишта, односно согласност од министерот за државните основни училишта но, во кокретниот случај и тој рок бил надминат.

За констатираната неправилност инспекторот за труд издал инспекциска мерка ОПОМЕНА на работодавачот ООУ ---------- во ---------- поради утврдени повреди на Законот за работни односи и со Решение го задолжил директорот да се отстранат утврдените неправилности и да го прекине работниот однос со лицето ---------- а работното место секретар да го пополни во постапка со објавување на јавен оглас.

По однос на останатите наводи на предметната пријава кои се однесуваат на тоа дека директорката добила решение со фалсификувани часови и без исполнување на условите, Државниот инспекторат за труд се произнесува дека нема надлежност за постапување, туку согласно член 113 од Законот за основното образование распределбата на часовите е исклучива надлежност на Министерството за образование и наука па оттаму пријавата е пратена на натомошно постапување до Државниот просветен инспекторат.

Државниот просветен инспекторат ја извести ДКСК дека постапил по дописот на Државниот инспекторат за труд и на 25.06.2026 година извршил инспекциски надзор во ООУ „----------" во Општина ---------- при кој констатирал дека лицето ---------- ---------- била именувана за директор на училиштето со Решение број -------/5 од 25.11.2024 година од страна на Градоначалникот на Општина --------- со мандат од 4 години, по добиена одлука како единствен предлог од училишниот одбор со бр.---------/16 од 13.11.2024 година. Бенази Шемоска била дипломиран наставник по Биологија со 240 кредити и истата прв пат се вработила како наставник по Биологија на определено време во СОУ „----" во ---------- со одлука бр.--------/1 од 09.01.2013 година. Во 2019 година со одлука број --------/2 од 31.12.2019 година и Решение бр.----------/3 од 31.12.2019 година, а по добиена согласност од Министерството за образование и наука и се трансформирал работниот однос од определено на неопределено работно време како наставник по Биологија сметано од 11.01.2020 година. Оттука, Државниот просветен инспекторат констатирал дека Бенази Шемоска била избрана за директор на училиштето ООУ „----------" согласно со закон.

Постапувајќи по барање на ДКСК, ООУ „----------" во Општина ---------- на ден 08.10.2026 година ја извести ДКСК дека постапиле по Решението на Државниот инспекторат за труд ИП бр.---------- од 17.06.2026 година, со кое му било наложено да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци и од страна на директорот на ООУ „---------- ----------" во Општина ---------- на 23.07.2026 година му бил прекинат работниот однос на лицето ангажирано за секретар на училиштето и била поведена постапка за пополнување на ова работно место со објавување на јавен оглас објавен на 20.07.2026 година. Во предметната постапка била донесена Одлука од 14.09.2026 година за неизвршување на избор на кандидат за административен службеник по пат на јавен оглас поради тоа што не се појавил никој од пријавените кандидати во третата фаза од постапката за вработување. По ова училиштето на 29.09.2026 година до Агенција за администрација повторно доставило барање за објавување на јавен оглас за пополнување на истото работно место, по кое постапката е во тек.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за пријавените наводи постапиле други надлежни органи - Државниот управен инспекторат, Државниот инспектоарат за труд и Државниот просветен инспекторат, кои за утврдените неправилности при своето надлежно постапување презеле дејствија во рамките на своите надлежности и изрекле соодветни инспекциски мерки, а од страна на предметното основно училиште биле преземени дејствија за отстанување на неправилностите утврдени од инспекциските органи.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN TË KORRUPSIONIT Shkup

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., Член на ДКСК/Anëtar i KSHPK